АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03-09.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5279 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 август 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 септември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);
   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);
   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7.00 до 19.00 часот);
   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречени мерки:**

*- На 9 февруари 2015 година, за непочитување на член 64 ставови 1 и 3 од Законот, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-367, 09.02.2015 година).*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

*Со контролниот надзор, реализиран на 22 март 2015 година, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) во целост постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 64 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

- *На 19 февруари 2015 година, за непочитување на член 92 став 1 од Законот, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-458, 19.02.2015 година).*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

*Со контролниот надзор, реализиран на 24 март 2015 година, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) во целост постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, од 6 август 2015 година, **не се констатирани прекршувања** на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма.

## 8. Опис на прекршувањето: /

## 9. Предлог мерка: /

***Сектор за програмски работи***